

# ТРЕНДАФИЛОВСКИ

# TRENDAFILOVSKI

"... Основна нишка водилка во неговото творештво е женската фигура, во најразлични ставови и движења, но секогаш амбиентално поставена.
Композицијата е мајсторски градена, со нагласен стилизиран цртеж. Просто од секоја творба на Трендафиловски зрачи животот. Стилски неопределен, како што велат неговите критичари, но сепак со нагласени елементи од пост-кубизмот и Оп Артот, тој вешто ги соединува, така што на неговото творештво му дава оригиналност и сопствен белег, кој не може да се етикетира со досега ни еден познат ликовен правец..."

Глигор Беќаров, сликар и керамичар

◆ ◆ ◆

"... Тема на овој опус на слики е човечката фигура ставена во просторот, аналитички расчленета на елементи со помош на бои. Густата мрежа на хоризонтални и вертикални линии ги затвора органските форми, но му остава на гледачот да ги доживи како целосно одредени и рационално прифатливи. Доминантната импресија во овој тип на сликарство ја предизвикува авторовото користење на боите. Огнометот од живи, чисти бои, промислено распоредени на подлогата, аналитички изнијансирани од најсветли до најтемни, доведуваат до чувство на ред и хармонија. Избалансиранаата употреба на чист колористички спектар ја потенцира атмосферата на авторовиот роден југ, сонцето и своевидниот оптимизам и радоста на живеењето. Наклонетоста кон пречистената форма, сеприсатната тенденција на урамнотеженоста и користењето на геометриски форми укажуваат на автор кој аналитички, внимателно се обидува да ја усклади традицијата на модерниот израз. Неговиот избор на геометриски форми како, квадрат, триаголник, различни ромбоиди и закривени форми, кои мултиплицирани создаваат идеал ослободен од потчинетите реални материјални услови. Во формите добиени на овој начин се гледа микрокосмосот на авторот како и, времето во коешто живее. Со помош на различните структури, слободно играјќи се со нив, ја открива смислата и убавината на современиот свет. Воден од поривот на луѓето од југ, кон сонцето и светлоста, авторот успева со жив колорит, од овој опус да ја избрише границата помеѓу органското и геометриското..."

Мира Бојник, Виш кустос на Регионалниот музеј - Јагодина, Србија




*Аеробик, 50х61, масло на платно, 2005*



*Балерина, 33х41, масло на платно, 2005*



На заминување, 33x41, масло на платно, 2005



*Дона, 46x55, масло на платно, 2006*

**МИРОСЛАВ ТЕНДАФИЛОВСКИ - МИКИ**

сликар, роден 1958 во Куманово, каде живее и работи како самостоен уметник. Досега има реализирано 17 самостојни изложби и учествувано на голем број меѓународни ликовни колонии во земјата и надвор од неа. Добитник е на три награди за сликарство.

Контакт адреса:
ул. Тоде Думба 100/I - 10 Куманово
тел. ++389(0)31 415-985
моб. ++389(0)75 589-479

**MIROSLAV TRENDAFILOVSKI - MIKI**

a painter, born in 1958 in Kumanovo, where he lives and works as an independent artist. Up ro the present he has realised seventheen independent exhibitions and took part in many international art colonies in the county and the abroad. He is the winner of three rewards for Art.

Address for contact:
Str. Tode Dumba 100/I - 10 Kumanovo
phone: ++389(0)31 415-985
cell: ++389(0)75 589-479

**Самостојни изложби:**

1993 Куманово, Дом на култура, Изложбен салон
1994 Скопје, Галерија "КО-РА"
1994 Свети Николе, Дом на култура, Изложбен салон
1996 Крива Паланка, Дом на култура, Изложбен салон
1996 Скопје, Дом на АРМ, Изложбен салон
1996 Штип, Дом на култура, Изложбен салон
1996 Куманово, Дом на култура, Изложбен салон
1998 Прилеп, Дом на култура, Изложбен салон
1998 Неготино, Музеј на град Неготино
1998 Кочани, Дом на култура, Изложбен салон
1999 Струмица, Изложбен салон "РУ"
1999 Крушево, Музеј на НОВ, Манифестација "Десет дена Крушевска република"
2000 Кавадарци, Младински културен центар, Уметничка галерија
2005 Крагујевац, Дом на АСЦГ, Уметничка галерија
2005 Јагодина, Центар за култура, Изложбен салон
2005 Ниш, Нишки културен центар, Уметничка галерија
2005 Врање, Народен универзитет, Уметничка галерија
2006 Куманово, НУ Центар за култура, Куманово

**Меѓународни ликовни колонии:**

Кавадарци, Свети Николе, Битола, Куманово, Гевгелија (Македонија) Ќиќевац, Сталаќ, Врање, Крагујевац, Пролом Бања (Србија), Ќустендил (Бугарија)



*Синокоса, 50x61, масло на платно, 2004*

Издавач: Национална установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово
За издавачот: Жика Крстевски, Фотографии: Фото дигитал "Перфекто" Куманово
Дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски, Печати: "КИМЕ-ГРАФ" - Куманово

Министерство за култура на Република Македонија
Манифестација "Куманово - Град на културата 2006"